**ДО ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ**
**ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ**
**„КОНСТАНТИН ФИЛОЗОФ“-НИТРА**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

за научната и за педагошката дејност на доц. д-р Петер Иванич за добивање на научно-педагошко звање ПРОФЕСОР во студиската област 2.1.7 Историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра.

## ВРЕДНУВАЊЕ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ НА ДОЦ. Д-Р ПЕТЕР ИВАНИЧ

Инаугурантот во областа на издавањето публикации, како и во сферата на проектантските и на презентирачките активности ги исполнува сите критериуми за отворање на постапката за именување во звањето професор. Уште за време на студиите Петер Иванич е активно вклучен во истражувањата од областа на историјата како и во проучувањето и партиципирањето во проектите, посветени на средновековните локалитети и комуникациските врски. Значителен е неговиот придонес и во однос на истражувањето на културното наследство на св. Кирил и Методиј и воопшто на кирилометидиевистиката како посебна културолошко-историска дисциплина. За неговото творештво и научно портфолио најдобро говори фактот, што неговите трудови наоѓаат на одличен прием меѓу научната фела во матичната земја и во странство. Инаугурантот беше главен раководител и соработник на повеќе научноистражувачки проекти, а воедно оствари и неколку студиски престои во странство.

## ВРЕДНУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКАТА ДЕЈНОСТ НА ДОЦ. Д-Р ПЕТЕР ИВАНИЧ

Почнувајќи од 2002 година, кога воедно започнува со докторските студии, инаугурантот е активно вклучен во наставната и педагошката дејност. Неговата наставна и педагошка активност се одвива главно на Катедрата за историја, но за некои предмети е ангажиран и од Катедрата за музеологија. Од приложената документација произлегува дека неговите предавања хронолошки се однесуваат пред сè на периодот на кој тој е специјализиран и се соодветни со специфичните параметри на неговите научни истражувања и тоа реконструкција на средновековните локалитети и комуникациски врски, проблематиката, поврзана со Велика Моравија, мисијата на Константин и Методиј и нивната традиција во историјата. Доц. д-р Иванич со својот научен профил инспиративно влијае на студентите што се потврдува со фактот, што тој се јавува во улога на ментор на повеќе дипломски, магистерски и докторски трудови.

## ПРЕПОРАКИ ЗА РЕЦЕНЗИЈАТА:

Инаугурантот доц.д-р Петер Иванич бележи исклучително плодна научноистражувачка активност. Тој учествува на повеќе од 40 меѓународни конференции и научни симпозиуми, организирани во земјата и надвор од неа. Исто така, Иванич е автор на голем број научни трудови, кои имаат извонреден импакт во кирилометодиевистиката и воопшто во медиевистиката не само во Словачка, туку и пошироко во земјите на Балканот. Почнувајќи од 2012 година, инаугурантот Иванич партиципира со свои трудови во списанието „Историја", кое скоро 60 години излегува во издание на Здружението на историчари на Република Македонија. Во статијата „Western Slavs in the 6$^{th}$ and 7$^{th}$ centuries", авторот врз основа на релевантните историски и археолошки извори се осврнува на историјата на западните Словени, имајќи ја предвид територијата на Словачка, Бохемиа и Моравиа, Полска, Австрија, Германија и Унгарија.

Во истото списание во 2014 година (во коавторство со М.Лукачова) ја објавува статијата "Journeys of St. Methodius within the years 860-881", каде што на исклучителен начин ги објаснува мисијата и патувањата на Методиј меѓу Хазарите, во Велика Моравија, во Рим и на крајот во Византија. Интересно е да се спомене дека за утврдување на должината на рутата, авторот го користи проектот Orbis, подготвен од Универзитетот во Стенфорд. Во двобројот на списанието „Историја", 2015-2016 год. авторот го објавува прилогот „Византија и Велика Моравија во IX век". Како што сугерира и самиот наслов главната

преокупација на Иванич е да ги прикаже врските на Византија и Велика Моравија, имајќи го предвид фондот од археолошките откритија, реализирани во Чешка и во Словачка.

Инаугурантот, доц. д-р П. Иванич се осврнува и на теми од областа на топонимијата. Во 2011 година во списанието „Спектар", во издание на Институтот за македонска литература го објавува текстот под наслов „Словачко-македонски јазични паралели во областа на топонимијата", третирајќи ги називите на населените места, изведени од зборовите: *cer, jelša, klen. lom, žarnov.*

Во рамките на зборникот „Cyrillomethodianum. Studies on the Greek-Slavic relations", објавен во Солун во 2016 година, Иванич (во коавторство со М. Хетенји) партиципира со статијата „Modern History of the Nitra City (Slovakia) in the Context of the Cyrillo-Methodian Legacy". Во фокусот на вниманието се суштинските моменти од историскиот развој на Словените, а врз основа на податоците од бројните книжевни дела на Кирил и Методиј и нивните ученици.

Во својата сестрана научноистражувачка и издавачка дејност, Иванич се јавува и во улога на главен и одговорен уредник на повеќе зборници, како и на престижното списание „Constanine's Letters", индексирано во датабазата на Scopus, IMB, EBSCO, CEJSH.

Во овој контекст секако треба да се спомене исклучителниот придонес на доц.д-р П. Иванич во развивањето на македонско-словачките културни и историски врски, што најдобро се согледува во неговиот непосреден ангажман во организирањето на истоимените конференции, одржани во Нитра и во Скопје, кои наидоа на силен одзив меѓу истражувачите од двете земји.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи ја предвид богатата научноистражувачка, наставна и издавачка дејност, чест и задоволство ми е да констатирам дека инаугурантот доц.д-р Петер Иванич ги исполнува сите предуслови за доделување на звањето ПРОФЕСОР. Оттука срдечно препорачувам, по успешнотото завршување на инаугурациската постапка, на доц. д-р Петер Иванич да

му биде доделена титулата универзитетски професор во студиската област 2. 1. 7. Историја.

Со почит,

30.10.2017 год, Рецензент:

Скопје проф.д-р Маја Ангеловска-Панова

**FILOZOFICKÁ FAKULTA**
**UNIVERZITY KONŠTANTÍNA FILOZOFA V NITRE**

# POSUDOK

na vedeckú a pedagogickú činnosti doc. PhDr. Petra Ivaniča, PhD. na získanie vedecko-pedagogického titulu profesor v študijnom odbore 2. 1. 7. História na Filozofickej fakulte Univerzity Konštantína Filozofa v Nitre.

## HODNOTENIE VEDECKOVÝSKUMNEJ ČINNOSTI DOC. PHDR. PETRA IVANIČA, PHD.

Inaugurant spĺňa v rámci vydávania publikácií, ako aj v oblasti projektových a prezentačných aktivít všetky kritériá na otvorenie vymenovacieho konania na získanie titulu profesora. Už počas štúdia bol Peter Ivanič aktívne zapojený do výskumov z odboru histórie a taktiež do bádania a účasti v projektoch, ktoré boli venované stredovekým mestám a cestnej sieti. Významný je jeho prínos aj vo vzťahu k skúmaniu kultúrneho dedičstva sv. Cyrila a Metoda a vôbec cyrilo-metodievistike ako osobitnej kulturologicko-historickej disciplíne. O jeho tvorbe a vedeckom portfóliu najlepšie vypovedá skutočnosť, že jeho samotné práce získali medzi vedeckou komunitou doma a v zahraničí mnoho kladných ohlasov. Inaugurant bol hlavným riešiteľom a spolupracovníkom viacerých vedeckovýskumných projektov a súčasne realizoval niekoľko študijných pobytov v zahraničí.

## HODNOTENIE PEDAGOGICKEJ ČINNOSTI DOC. PHDR. PETRA IVANIČA, PHD.

Od roku 2002, keď nastúpil na doktorandské štúdium, sa inaugurant aktívne zapojil do vedeckej a pedagogickej činnosti. Jeho vyučovacia a pedagogická činnosť sa uskutočňuje hlavne na Katedre histórie, ale niektoré predmety vyučuje aj na Katedre muzeológie. Z priloženej dokumentácie vyplýva, že sa jeho prednášky chronologicky týkajú predovšetkým historických období a tém, ktoré sú totožné so špecifickým zameraním jeho vedeckých výskumov, ako je rekonštrukcia stredovekých miest a komunikačných sietí, problematika

spojená s Veľkou Moravou, misia Konštantína a Metoda a ich tradícia v histórii. Doc. PhDr. Peter Ivanič, PhD. svojim vedeckým profilom inšpiratívne vplýva na vzdelávací proces a na profiláciu študentov, čo potvrdzuje fakt, že je školiteľom viacerých bakalárskych, magisterských a doktorandských prác.

## ODPORÚČANIA K POSUDZOVANÝM PRÁCAM

Inaugurant doc. PhDr. Peter Ivanič, PhD. zaznamenáva mimoriadne plodnú vedeckovýskumnú aktivitu. Účinkoval na viac ako 40 medzinárodných konferenciách, vedeckých sympóziách organizovaných doma a v zahraničí. Peter Ivanič je taktiež autorom veľkého počtu vedeckých prác, ktoré majú mimoriadny impakt v cyrilo-metodievistike a vôbec v medievistike nielen na Slovensku, ale aj v krajinách Balkánu. Od roku 2012 inaugurant participuje so svojimi štúdiami na produkcii časopisu „Историја (História)“, ktoré takmer 60 rokov vydáva Združenie historikov Macedónskej republiky. Vo vedeckej štúdii „Western Slavs in the 6$^{th}$ and 7$^{th}$ centuries“ sa autor na základe relevantných historických a archeologických prameňov pozastavuje nad problematikou historického vývinu západných Slovanov a berie pritom do úvahy súčasné teritóriá Slovenska, Čiech, Moravy, Poľska, Rakúska, Nemecka a Maďarska.

V tom istom časopise v roku 2014 (v spoluautorstve s Martinou Lukáčovou) uverejnil vedeckú štúdiu "Journeys of St. Methodius within the years 860 – 881“, kde výnimočným spôsobom vysvetľuje misiu a cesty sv. Metoda spolu s bratom Konštantínom ku Chazarom, na Veľkú Moravu, do Ríma a potom už osamotene späť do Byzancie. Je možné zdôrazniť, že na potvrdenie dĺžky cesty autor používa projekt Orbis, pripravený na Univerzite v Stenforde. V dvojčísle časopisu „Историја (História)“ z roku 2015 – 2016 autor publikoval štúdiu „Византија и Велика Моравија во IX век (Byzancia a Veľká Morava v 9. storočí)“. Ako hovorí samotný názov článku, primárnym zámerom Petra Ivaniča je poukázať na vzťahy Byzancie a Veľkej Moravy s dôrazom na preukázaný fond archeologických nálezov v Čechách a na Slovensku.

Inaugurant doc. PhDr. Peter Ivanič, PhD. sa venoval aj témam z oblasti toponymie. V roku 2011 v časopise „Spektar“, ktorý vydáva Ústav macedónskej literatúry, publikoval príspevok s názvom „Словачко-македонски јазични паралели во областа на топонимијата (Slovensko-macedónske jazykové paralely v oblasti toponymie), v ktorom analyzuje názvy miest vyvodené zo slov: *cer*, *jelša*, *klen*. *lom*, *žarnov*.

Okrem svojej všestrannej vedeckovýskumnej a publikačnej činnosti zastával Ivanič tiež funkciu hlavného a zodpovedného redaktora viacerých zborníkov, ako aj šéfredaktorskú pozíciu prestížneho časopisu „Constantine's Letters“ (Konštantínove listy), indexovaného v databázach Scopus, IMB, EBSCO a CEJSH.

V tomto kontexte treba, samozrejme, doplniť mimoriadny prínos doc. PhDr. P. Ivaniča, PhD. k rozvíjaniu macedónsko-slovenských kultúrnych a historických vzťahov, čo najlepšie vidieť v jeho bezprostrednom angažovaní sa pri organizovaní rovnomenných konferencií, ktoré sa konali v Nitre a v Skopje a stretli sa s veľkou odozvou medzi výskumníkmi z obidvoch krajín.

## ZÁVER

Berúc do úvahy celú bohatú vedeckovýskumnú, pedagogickú a publikačnú činnosť kandidáta, je mi cťou s potešením konštatovať, že inaugurant doc. PhDr. Peter Ivanič, PhD. spĺňa všetky podmienky na získanie titulu profesor. Preto odporúčam, aby bol doc. PhDr. Petrovi Ivaničovi, PhD. po úspešnom ukončení inauguračného konania udelený titul univerzitný profesor v študijnom odbore 2. 1. 7. História.

S úctou

V Skopje dňa 30.10.2017

Posudzovateľka:

prof. d-r. Maja Angelovska-Panova

Preložil:

doc. PhDr. Zvonko Taneski, PhD.
Katedra slovanských filológií
Filozofická fakulta
Univerzita Komenského v Bratislave